**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1202-62/16 од 18.2.2015 година донесена на 94. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на 18.2.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *менаџмент системи* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија”, „Утрински весник“ и „Коха“ на 7.2.2015 година и во предвидениот рок се пријави д-р Елена Веселинова, асистент на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно - научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Елена Веселинова (Николова)** е родена на 6 октомври 1985 година во Штип, Р. Македонија. Основно образование завршува во ДОУ „Димитар Влахов“ во Штип како најдобар ученик во генерацијата. Средно образование завршува во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип во генерацијата 2000-2004. Во средношколските денови редовно учествува на државни и меѓународни натпревари по математика, физика, македонски, англиски и латински јазик и има освоено бројни високи признанија и награди.

Во 2004 година се запишува на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и дипломира на департманот за менаџмент во 2008 година, со просечен успех од 9,84, вбројувајќи се меѓу најдобрите студенти од нејзината генерација. Во февруари 2009 година ги започнува постдипломските студии по МБА – менаџмент, исто така на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Испитите ги завршува со просечен успех од 10,00. Магистрира на 9.11.2010 година со одбрана на магистерскиот труд на тема „Градење на стратегија на претпријатијата во текстилната индустрија на Р.Македонија“.

Д-р Елена Веселинова го продолжува високото образование со упис на трет циклус студии во декември 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во научната област менаџмент. Докторира на 27.11.2014 година со одбрана на докторскиот труд „Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност за компаниите“.

Веднаш по дипломирањето, од ноември 2008 година се ангажира како волонтер за асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Истовремено, го гради своето искуство и се усовршува во практикувањето на менаџмент вештините како асистент на управителот на „Ангротекс“ ДОО Штип. Од септември 2011 до јуни 2014 година работи како помлад асистент, а од јуни 2014 година тековно како асистент на Економскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со ангажман на предмети од областа на менаџментот.

Кандидатката одлично ги познава англискиот и италијанскиот јазик и задоволително германскиот, кој тековно го изучува. Исто така, одлично ги познава алатките на Microsoft Office, Adobe, Project Manager, Comfar III Expert, SPSS и има познавање на основите на Pantheon – ERP.

Редовно учествува на обуки и предавања од областа на менаџментот. Ги има посетено предавањата на проф. д-р Исак Адиџес од областа на управување со промените, предавањата

на светски познатиот проф. д-р Филип Котлер на тема „Маркетинг предизвиците во 21 век“ и на Тим Ринго, врвниот менаџер за човечки ресурси на компанијата *IBM*. Има учествувано на семинари од областа на царинското работење, Законот за работни односи и унапредувањена сметководствениот систем на претпријатијата во организација на Стопанската комора на Р.Македонија.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

Д-р Елена Веселинова е доктор на економски науки, при што јавно ја одбранила докторската дисертација од областа на менаџментот на 27.11.2014 година.

Д-р Елена Веселинова на прв циклус на студии, како дипломиран економист има остварен просечен успех од 9,84.

Д-р Елена Веселинова на втор циклус на студии, како магистер на економски науки има остварен просечен успех од 10,00.

Кандидатката д-р Елена Веселинова има публикувано вкупно 25 научноистражувачки трудови, од кои 2 се публикувани во меѓународни научни списанија и 11 во меѓународни научни публикации. Сите публикувани трудови се достапни на е-репозиториум на УГД, односно на:

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Nikolova=3AElena=3A=3A.html http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Veselinova=3AElena=3A=3A.html

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Година на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| **Меѓународни научни списанија** | | | | |
| 1 | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *SMEs innovation and growth in EU.* | *Management Journal for Theory and Practice,* 2012, (64). pp. 87-94. ISSN 1820-0222 | 2008, 7 години |
| 2 | Gogova Samonikov, Marija and Fotov, Risto and Nikolova, Elena | *Innovative methods on managing resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions.* | Revista Economică, 2012, 3 (62). pp. 113-121. ISSN 1582-6260 | 2007, 8 години |
| **Меѓународни научни публикации** | | | | |
| 3 | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *How the Textile Companies in South-East Europe Create Value: The Case of the Republic of Macedonia.* | *Management Dynamics in the Knowledge Economy*, 2013, 1 (2). pp. 327-342. ISSN 2286-2668 | 2013, 2 години |
| 4 | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *The role and importance of the textile industry in the national economy of the Republic of Macedonia: share of GDP, exports and employment.* | *Journal of Process Management - New Technologies,* 2013, 1 (3). pp. 7-14. ISSN 2334-735X | 2013, 2 години |
| 5 | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena | *Attracting foreign direct investment in transition economies with special reference to the Republic of Macedonia.* | *Journal of Process Management - New Technologies,* 2013, 1 (3). pp. 43-50. ISSN 2334-735X | 2013, 2 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena | *Financial crises through history compared with the crisis from 2007.* | LAP - Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-8454-0700-5 | 2012 |
| 7 | Nikolova, Elena and Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija | *"Knowledge management for SMEs in the knowledge based economy".* | 19th International Economic Conference – IECS 2012: "The Persistence of the Global Economic Crisis: Causes, Implications, Solutions", 15 June, 2012, Sibiu, Romania. pp. 373-380. | 2012 |
| 8 | Gogova Samonikov, Marija, Risto Fotov and Elena Nikolova, | "Innovative methods on managing resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions" | 19th International Economic Conference – IECS 2012: "The Persistence of the Global Economic Crisis: Causes, Implications, Solutions", 15 June, 2012, Faculty of economic sciences, "Lucian Blaga" University of Sibiu, Sibiu, Romania | 2012 |
| 9 | Nikolova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *"SMEs innovation and growth in EU".* | XIII International Symposium SymOrg 2012: "Innovative Management and Business Performance", 5-9 June, 2012, Zlatibor, Serbia. pp. 679-685. | 2012 |
| 10 | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *„Ланецот на вредности како извор на конкурентска предност на текстилните претпријатија".* | Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance-ICBEF 2012. pp. 194-203. ISSN 978-608-4504-88-7 | 2012 |
| 11 | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena | *Финансиските кризи низ историјата споредени со кризата од 2007.* | Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance-ICBEF 2012. pp. 25-36. ISSN 978-608-4504-88-7 | 2012 |
| 12 | Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena and Temelkov, Zoran | *Deposit or investment in voluntary pension fund – case study in the Republic of Macedonia.* | Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 39-42. ISSN 2221-5956 | 2012 |
| 13 | Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena | *Management of banking operations to avoid crises.* | Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 144-149. ISSN 2221-5956 | 2012 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Елена Веселинова со наставно-образовна и научноистражувачка дејност започнува од 2009 година како волонтер - асистент на Економски факултет – Штип, при УГД, каде што била ангажирана на премети од обласа на менаџментот. Основни активности во тој период биле: одржување на вежби на студентите, подготовка на материјали за вежби и стручни практикуми, тестатор на колоквиуми и испити, преглед на тестовите на студентите.

Кандидатката д-р Елена Веселинова во септември 2011 година е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Економски факултет – Штип, при УГД, во областа менаџмент. Со звањето помлад асистент, во изборниот период од 2011 до 2014 година е ангажирана на следниве предмети:

- Зимски семестар 2011/2012 година (вкупно 12 часа): Инвестиционен менаџмент/ Инвестиции; Менаџмент на мал бизнис и Теорија на одлучување;
- Летен семестар 2011/2012 година (вкупно 14 часа): Хартии од вредност и портфолио менаџмент и Економика на претпријатие;
- Зимски семестар 2012/2013 година (вкупно 18 часа): Инвестиционен менаџмент/ Инвестиции; Стратегиски менаџмент, Менаџмент на мал бизнис и Теорија на одлучување;
- Летен семестар 2012/2013 година (вкупно 14 часа): Хартии од вредност и портфолио менаџмент и Економика на претпријатие;
- Зимски семестар 2013/2014 година (вкупно 18 часа): Инвестиционен менаџмент/ Инвестиции; Стратегиски менаџмент, Менаџмент на мал бизнис и Теорија на одлучување;
- Летен семестар 2013/2014 година (вкупно 14 часа): Хартии од вредност и портфолио менаџмент и Менаџмент.

Во јуни 2014 година, кандидатката д-р Елена Веселинова врз основа на јавен конкурс е избрана во наставно-научното звање асистент-соработник, на која позиција работи тековно. Во рамки на оваа работна позиција е ангажирана на следниве предмети:

- Зимски семестар 2014/2015 г. (вкупно 10 часа): Инвестиционен менаџмент/Инвестиции и Стратегиски менаџмент.

Предметните дисциплини од звање помлад асистент и асистент се содржани во студиските програми на Економскиот факултет и Факултетот за информатика во наставните центри: Штип, Струмица, Скопје, Кочани и Радовиш.

Основни работни активности како помлад асистент и тековно како асистент се: одржување на вежби на студентите од прва до четврта студиска година, подготовка на материјали за вежби и стручни практикуми, дежурање на колоквиуми и испити, преглед на тестовите на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, објавување на научни и стручни трудови, учество на домашни и меѓународни конференции и др.

Опусот на научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Елена Веселинова може да се увиди преку бројните трудови објавени во меѓународни публикации и списанија, како и преку трудовите објавени во стручни (научно-популарни) списанија, меѓу кои позначајни се:

Veselinova, Elena (2014) *Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност на компаниите.* PhD thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Veselinova, Elena (2010) *Градење на стратегија на претпријатијата во текстилната индустрија на Р.Македонија.* Masters thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет - Скопје.

Фотов, Ристо, Толе Белчев, Катерина Фотова, Емилија Митева-Кацарска, Елена Веселинова (2013) *Економско-финансиски лексикон.* Универзитет „Гоце Делчев“, Економски факултет – Штип, ISBN: 978-608-4708-42-1

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2012) *Financial crises through history compared with the crisis from 2007.* LAP - Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-8454-0700-5

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2013) *How the Textile Companies in South-East Europe Create Value: The Case of the Republic of Macedonia.* Management Dynamics in the Knowledge Economy, 1 (2). pp. 327-342. ISSN 2286-2668

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2013) *Attracting foreign direct investment in transition economies with special reference to the Republic of Macedonia.* Journal of Process Management - New Technologies, 1 (3). pp. 43-50. ISSN 2334-735X

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2013) *The role and importance of the textile industry in the national economy of the Republic of Macedonia: share of GDP, exports and employment.* Journal of Process Management - New Technologies, 1 (3). pp. 7-14. ISSN 2334-735X

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) *SMEs innovation and growth in EU.* Management Journal for Theory and Practice Management (64). pp. 87-94. ISSN 1820-0222

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) *„Ланецот на вредности како извор на конкурентска предност на текстилните претпријатија“.* Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance- ICBEF 2012. pp. 194-203. ISSN 978-608-4504-88-7

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2012) *Финансиските кризи низ историјата споредени со кризата од 2007.* Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance- ICBEF 2012. pp. 25-36. ISSN 978-608-4504-88-7

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena and Temelkov, Zoran (2012) *Deposit or investment in voluntary pension fund – case study in the Republic of Macedonia.* Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 39-42. ISSN 2221-5956

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena (2012) *Management of banking operations to avoid crises.* Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 144-149. ISSN 2221-5956

Nikolova, Elena and Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija (2012) *“Knowledge management for SMEs in the knowledge based economy”.* 19th International Economic Conference – IECS 2012: “The Persistence of the Global Economic Crisis: Causes, Implications, Solutions”, 15 June, 2012, Sibiu, Romania. pp. 373-380.

1. Gogova Samonikov, Marija, Risto Fotov and Elena Nikolova, “Innovative methods on managing resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions”, 19th International Economic Conference – IECS 2012: “The Persistence of the Global Economic Crisis: Causes, Implications, Solutions”, 15 June, 2012, Faculty of economic sciences, “Lucian Blaga” University of Sibiu, Economic sciences faculties association of Romania – AFER, Sibiu, Romania

Nikolova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) *“SMEs innovation and growth in EU”.* XIII International Symposium SymOrg 2012: “Innovative Management and Business Performance”, 5-9 June, 2012, Zlatibor, Serbia. pp. 679-685.

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena (2012) *Historical financial flows compared with the actual financial crisis.* International conference: Trends and Challenges in the Economic Development, 10-11 May, 2012.

Matlievska, Margarita and Nikolova, Elena (2012) *Legal Aspects of Environment Policies in the Republic of Macedonia.* Сборник доклади от международна научна конференция , II. pp. 287-295. ISSN ISBN 978-954-21-0600-5

Nikolova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) *“Systemic approach to teamwork - a model for team building”.* International conference: “Trends and Challenges in the Economic Development”, 10-11 May, 2012, 4. pp. 294-299. ISSN 978-954-21-0603-6

Gogova Samonikov, Marija and Fotov, Risto and Nikolova, Elena (2012) *Innovative methods on managing resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions.* *Revista Economică, 3 (62). pp. 113-121. ISSN 1582-6260*

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2011) *Selecting and assessing a target firm for an international merger or acquisition.* Conference Proceedings, Economics and Management in the 21st Century - Solutions for Sustainability and Growth, 3. pp. 479-563. ISSN 978-954-23-0679-5

Matlievska, Margarita and Temjanovski, Riste and Paceskoski, Vlatko and Nikolova, Elena (2011) *The influence of the legislation on the FDIs the case of the R. of Macedonia in the period 2001-2010.* D.A.Tsenov Academy of Economics - Svishtov.

Nikolova, Elena (2011) *Корпоративно управување: улогата на одборот на директори.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip. pp. 247-256. ISSN 1857- 7628

Д-р Елена Веселинова е автор и на неколку високошколски учебнни помагала, односно една рецензирана скрипта за предавања од обласа менаџмент и два рецензирани практикуми за вежби од обласа на менаџментот, при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и тоа:

Veselinova, Elena (2015) *Стратегиски бренд менаџмент - скрипта.* [Teaching Resource]

Veselinova, Elena (2015) *Стратегиски бренд менаџмент - практикум.* [Teaching Resource]

Dimitrova, Janka and Veselinova, Elena (2014) *Инвестиции практикум - збирка задачи.* [Teaching Resource]

Д-р Елена Веселинова покрај објавените научни и/или стручни трудови, има учествувано со усна презентација на неколку меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство, и тоа:

– **во земјава**

1. First International Conference for Business, Economy and Finance - ICBEF 2012, Faculty of Economics, Shtip, University "Goce Delcev" – Shtip, Macedonia;

- **во странство**

1. *International Jubilee Scientific Conference: "Economy and Management in the 21st Century – Solutions for Stability and Growth",* 8-9. 11. 2011, Svishtov, Bulgaria;
2. *International conference: "Trends and Challenges in the Economic Development",* 10-11 May, 2012, University of Economics – Varna, Bulgaria;
3. *XIII International Symposium SymOrg 2012: "Innovative Management and Business Performance"*, 5-9 June, 2012, Faculty of Organizational Sciences, University of Belgrade, Zlatibor, Serbia;
4. *19th International Economic Conference – IECS 2012: "The Persistence of the Global Economic Crisis: Causes, Implications, Solutions"*, 15 June, 2012, Faculty of economic sciences, "Lucian Blaga" University of Sibiu, Economic sciences faculties association of Romania – AFER, Sibiu, Romania;
5. *1st International Conference - South-East European Countries toward European Integration,* 20th October 2012, University "Aleksander Xhuvani", Faculty of Economics, Elbasan – Albania.

***Евалуација на докторската дисертација под реден број 1:*** **„Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност на компаниите"**

Докторскиот труд под наслов „Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност на компаниите" претставува сеопфатна, комплексна, научно издржана и целно насочена дисертација, која низ теориско и емпириско истражување третира една мошне современа и актуелна материја, која не е многу обработувана и елаборирана од страна на македонската научна и стручна јавност.

Предмет на истражување на докторската дисертација претставува создавањето на теоретско-методолошко и апликативно разбирање на концептот на стратегискиот бренд менаџмент. Целите на спроведеното истражување во докторската дисертација се: да се согледа суштината и значењето на корпоративниот бренд во создавањето одржлива конкурентска предност на компаниите; да се идентификува потребата од развивање успешен корпоративен бренд кој ќе обезбеди долгорочна профитабилност за компаниите;

да се согледа значењето на корпоративниот бренд преку обезбедувањето на поголемо пазарно учество, ценовна премија, лојални потрошувачи, бариери за нови конкуренти, квалитетна работна сила и поттик за иновации, односно да се анализираат сите димензии преку кои корпоративниот бренд стимулира и поддржува создавање поголема вредност; да се истражи, да се обедини, да се хармонизира и да се систематизира расположливото научно знаење за креирањето и управувањето со корпоративниот бренд, како една од предизвикувачките димензии на стратегискиот менаџмент и маркетинг менаџментот. Понатаму, да се заокружи и теоретско-апликативно да се претстави моделот на утврдување на капиталот на корпоративниот бренд. Да се анализира значењето на секој поединечен елемент во формирањето на вкупната вредност на корпоративниот бренд: на кое ниво се наоѓа свесноста за корпоративниот бренд кај релевантните потрошувачи, каков е согледаниот квалитет за производите/услугите на компанијата, какви асоцијации буди корпоративниот бренд и каква е лојалноста на потрошувачите. Да се претставät и да се објаснат расположливите начини, методи и техники за утврдување на вредноста на корпоративниот бренд. Да се утврди синџирот вредности на корпоративниот бренд, да се пресмета повратот од инвестициите во корпоративниот бренд и да се прикажат односите меѓу корпоративниот бренд и финансиските извештаи.

За потребите на докторската дисертација спроведено е квалитативно и квантитативно истражување при што за спроведување на теоретско- методолошката анализа е користена современа актуелна литература од релевантни странски и домашни автори.

Овој научен труд успешно се фокусира на  фактот дека на долг рок не постои ниту една друга алтернатива за компаниите, освен таа да се биде подобар од конкурентите. Заеднички именител за супериорноста на една компанија над други е токму вредноста на нејзиниот корпоративен бренд, мерена низ различни атрибути. Компаниите секојдневно се соочуваат со две вечни категории: комплексност и променливост. Градењето и управувањето со корпоративниот бренд овозможува динамички развој на компаниите низ времето и просторот и што поуспешно соочување со проблемите кои произлегуваат од горенаведените категории.

Докторската дисертација се одликува со методолошки приод кој е оригинален, продлабочен, со критички и аналитички однос кон научно-теоретските и апликативни истражувања на оваа материја од областа на стратегискиот бренд менаџмент. Основниот проблем кој е предмет на истражувањето на дисертацијата, влијанието на конкурентската предност врз долгорочната профитабилност на компаниите е мошне прецизно определено, интегрално заокружено со неговите составни елементи и целосно истражено, според опфатноста и длабочината на утврдените заклучоци.

Елаборирањето на потребата од градење и управување со корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност на компаниите е поткрепено со конкретни примери од светски познати и успешни компании кои „живеат“ во духот на брендот, а истото, потврдено и со актуелни сеопфатни научни емпириски истражувања, ја прави целата оваа идеја реално неопходна.

Ризикот да се гледа на стратегискиот бренд менаџмент низ призмата на конкурентска предност може асоцира на нова, модерна и скапа теорија, но токму силната поткрепа која се постигнува со изобилството на конкретни аргументи изразени во бројки, во статистички показатели, во конкретна профитабилност и вредност на компаниите го трансформира овој концепт во реална, многу приземјена и итно неопходна потреба на компаниите кои опстојуваат во денешното современо опкружување.

Теоретските и практичните сознанија и заклучоци од оваа докторска дисертација можат да бидат посебно корисни за македонските компании кои имаат намера да бидат пример за успешност на долг рок.

***Евалуација на магистерскиот труд под реден број 2:* „Градење на стратегија на претпријатијата во текстилната индустрија на Р.Македонија“**

Магистерскиот труд на кандидатката навлегува во анализа на една посебна област од стратегискиот менаџмент со значајна практичност и прагматичност, градењето на стратегија за претпријатијата од една индустрија – текстилната, како значаен дел од економија на

Р.Македонија. Потребата од примена на соодветен стратегиски менаџмент во текстилните претпријатија е презентирана како императив за профитабилно работење во услови на сè поинтензивна домашна и меѓународна конкуренција во текстилната индустрија. Трудот претставува едно успешно заокружување на проблематиката преку комплетна анализа на окружувањето на текстилните претпријатија (екстерно и интерно) и согледувањето на можните извори на конкурентска предност. Преку ваквата детална анализа се доаѓа до клучниот момент на истражувањето – избор и имплементација на соодветна старатегија. Стратегијата што ќе ја избере текстилното претпријатие треба на најдобар можен начин да ги искористи можностите и предностите и да ги неутрализира и избегне ограничувањата и слабостите специфични за него. Во трудот јасно е потенцирано дека сумарниот ефект од дејството на тековните екстерни и интерни фактори на текстилните претпријатија го наложува доминантното практикување на лон системот на производство како најниска форма на стратегиско партнерство. Таквиот тренд продолжува и во иднина. Трудот нуди насоки за развој и примена на повисоки форми на стратегиски партнерства и пронаоѓање на алтернативни начини на соработка со досегашните или нови странски партнери во вид на outsourcing за повеќе активности од синџирот на вредности на странските претпријатија. Крајната цел е да се стекне финансиска и оперативна моќ за примена на стратегија на класичен извоз. Преку истражувањето се констатира дека македонските текстилни претпријатија носат во себе потенцијал за реализација на ваквите стратегиски промени на среден и долг рок. Истиот треба да се искористи со вложување на големи напори, но резултира со остварување на значително поголема профитабилност.

Кандидатката мошне прецизно нагласува дека во високо конкурентната глобална арена постои силна потреба и зголемена неопходност од градење на стратегија на текстилните претпријатија во Р.Македонија, со цел фирмите да не заостануваат во напредокот, успехот и борбата со силната конкуренција и да не ги доведат во прашање егзистенцијата и опстанокот на домашниот и меѓународниот пазар. Во извлекувањето на ова сознание, кандидатката користи мошне релевантна литература од областа на стратегискиот и меѓународниот менаџмент.

***Евалуација на книгата под реден број 3:* „Економско-финансиски лексикон“**

Овој труд претставува проектен зафат за изработка на лексикон на економски поими и изрази, кој е плод на долгогодишниот ангажман на авторите. Авторите се решени и одлучни овој проект да го понудат, пред сè, за проширување на знаењата на студентите од економските факултети, но не само за нив туку и за сите кои ќе покажат интерес да се потестат или да научат нешто повеќе за економско финансиските поими, термини и изрази. Авторите пристапиле на оваа опсежна задача со намера да понудат кратки, јасни и точни толкувања на бројните економските и финансиски поими, изрази и термини и да дадат објаснување на што е можно поразбирлив начин, притоа користејќи нивен превод на англиски, германски, француски и руски јазик. Авторите сметаат дека овој економско-финансиски лексикон ќе предизвика интерес и ќе биде од корист во изучувањето и следењето на општите економски термини, категории и поими.

***Евалуација на книгата под реден број 4:* "Financial Crises Through History Compared With The Crisis From 2007"**

Анализата во овој опсежен труд ја покрива појавата на финансиските кризи, нивната важност, комплексноста и нивните импликации за општеството. Авторите го реализираат истражувањето со повикување на минатите настани, причините и последиците од финансиските кризи, нивното надминување и „учењето од грешки", како и изнаоѓањето на одговор на прашањето: дали и зошто историјата се повторува? Набљудувањето на финансискиот систем како целина може да биде основа за пронаоѓање на одговори за операциите на современите финансиските пазари. Последниве, пак, имаат огромно влијание и се тесно поврзани со другите сектори, како што се: реалниот сектор и пазарот на трудот. Имајќи ја предвид меѓународната рамка на овој систем, неговата комплексност се зголемува во однос на нецелосно познавање на границите на финансиските пазари и нивните инструменти.

Авторите во книгата наведуваат дека врската меѓу финансискиот пазар, пазарот на трудот и реалниот сектор, како и нејзината меѓународна применливост води кон неизбежна потреба од регулирање. Во оваа книга е опфатена и обработена регулативата во целокупниот финансиски сектор. Се нудат одговори на прашањата како: Кои правни рамки стојат во позадината, кои се "потенцијалните проблематични места", колку е правилна финансиската регулатива и во која насока треба да се движи? Кои промени треба да се направат во овој сектор и како истите да се применуваат? Авторите посебно ја акцентираат потребата од соодветна регулирација на овој систем, бидејќи глобализацијата, финансиските иновации и потенцијалните финансиски кризи, делумно или целосно, влијаат на секоја економија.

Глобализацијата – отворањето на границите, сублимацијата на сите пазари во еден и интензивирањето на конкуренцијата ја покажаа својата "сила", наметнувајќи ја една од најпознатите сложени потреби - појавата на финансиската регулатива. Како одговор на овие модерни трендови, на пазарот се создадоа нови инструменти кои работат врз економските принципи на вредност и оптимално користење на времето: финансиските деривати и меѓународните договори и трансакции. Ваквите операции, кои во светски рамки вклучуваат повеќе од двајца учесници во трансакциите (т.е. не само продавач и купувач, туку низа посредници) предизвикаа потенцијалните кризи во финансискиот систем да котираат високо на листата на „опасни за економијата".

Финансиските кризи секогаш вклучуваат повеќе економии, често речиси сите економии. Начинот на регулација, дискутиран претходно во книгата, често се конвертира во специјализација. Авторите дискутираат дека земјите се обидуваат да ги регулираат своите финансиски системи со одделно регулирање на финансиските институции, финансиските инструменти, како и на финансиска успешност и нејзините импликации во остварувањето на монетарните цели.

Ова истражување има за цел за направи конзистентна анализа на финансиските кризи низ историјата, за да се идентификуваат заедничките и/или посебни точки кои ќе му послужат на економскиот свет како насоки - индикатор за идно дејствување; утврдување на значењето на финансиска регулатива за целокупното финансиското работење и нејзиниот ефект врз економските циклуси. Затоа, авторите искористиле повеќе методи кои одговораат на намерата и целта на оваа книга, вклучувајќи го методот на индукција, дедукција, компаративен метод, квалитативни и квантитативни методи и анализа на практични примери.

***Евалуација на трудот под реден број 5:*** **"How the Textile Companies in South-East Europe Create Value"**

Овој труд е посветен на анализата на начинот на кој текстилните компании во Југоисточна Европа создаваат дополнителна вредност, со посебен фокус на текстилната индустрија во Р.Македонија. Текстилните компании во Република Македонија вклучуваат добар дел од работоспособното население и реализираат значајни девизни приливи од извозни активности. Но, авторите нсведуваат дека уделот на текстилната индустрија во создавањето на бруто додадената вредност во националната економија е на ниско ниво. Овој труд е посветен на анализа на моменталната конкурентност и нуди начини да се создаде одржлива конкурентна предност за компаниите во текстилната индустрија. Конкурентската предност на текстилните компании е заеднички именител на сите активности што тие ги извршуваат. Затоа, конкурентна предност доаѓа од тие поединечни релевантни активности кои придонесуваат за формирање на релативната трошковна позиција и основите на диференцијација на компаниите, кои истовремено додаваат вредност на финалниот производ. Резултатите од истражувањето на веригата на вредности на репрезентативен примерок на текстилни компании укажуваат на тоа дека текстилните компании треба да се концентрираат повеќе на оние активности што значително придонесуваат за зајакнување на конкурентската предност врз основа на диференцијација. Резултатот ќе биде повисока додадена вредност и повисока профитабилност на долг рок.

**Евалуација на трудот под реден број 6: "Attracting foreign direct investments in transition economies with special reference to the Republic of Macedonia"**

Во фокусот на овој труд е анализата на странските директни инвестиции, нивниот обем и влијание во земјите во транзиција, со посебен осврт на Република Македонија. Авторите наведуваат дека главната цел на овој труд е да се прикажат СДИ во Македонија во периодот пред и по кризата од 2007 година и да се обезбедат насоки за идните активности кои ќе помогнат за подобрување на економската состојба во целина. Резултатите во трудот покажуваат дека македонската економија е особено поддржана од страна на активни акции на владата по ова прашање. Владата и нејзините активности значително ја подобруваат позицијата на Р. Македонија во однос на соседните земји, но сеуште има области каде што треба да се делува. Еден од таквите домени, наведуваат авторите, е прашањето за инфраструктурата што ќе ја дополни сликата за македонската бизнис клима и дополнително ќе го зголеми интересот на странските инвеститори. Заклучокот од овој труд оди во насока дека, и покрај сите активности, постојат детерминанти кои влијаат на традиционалните пазари, пред сè се мисли на нивото на бруто домашниот производ. Р.Македонија има преземено многу мерки за да се зголеми нивото на БДП и привлекувањето на странски капитал, преку воведување на даночни олеснувања, царински надоместоци и други бенефиции со кои Р.Македонија е поконкурентна во однос на соседните земји. Сепак, БДП и вработувањето се еден голем предизвик.

***Евалуација на трудот под реден број 7:* "The role and importance of the textile industry in the national economy of the Republic of Macedonia: Share of GDP, exports and employment"**

Во овој труд се потенцира посебното значење на текстилната индустрија за економијата на Р.Македонија поради своето значајно учество во креирањето на вработеноста и извозот**.** Во изминативе дваесет години оваа индустрија ја доби улогата на колевка на приватните претприемнички иницијативи. Можностите за избалансиран регионален развој што ги нуди текстилната индустрија се уште една значајна карактеристика во прилог на нејзината важност. Глобализацијата и тенденциите за сè поголемо присуство на македонските претпријатија на странските пазари носат големи предизвици не само за текстилната индустрија, туку и за националната економија во целина. Во трудот авторите сикутираат како развиените земји од Европа комплетно ги преструктуираа своите текстилни индустрии преку задржување на креативните активности од процесот на производство во свои рамки, а пренесување на производствените капацитети во други помалку развиени земји. Ваквиот тренд поволно се одрази врз развојот на македонската текстилната индустрија. Интензивното лон производство одигра значајна улога за поставување на оперативните и финансиски основи за понатамошен развој на индустријата. Тоа што следува како иден предизвик е унапредување на досегашните односи на соработка со странските претпријатија.

Во трудот може да се заклучи дека за реализација на ваквите развојни потенцијали на текстилната индустрија, па и на националната економија во целина, особено е значајна стабилноста на основните параметри на макроекономската политика (монетарната, девизната и даночната политика) преку која се детерминираат условите на стопанисување. Либерализацијата на условите за стопанисување (која покрај другото се должи и на членството на Р.Македонија во Светската трговска организација) и послободното дејствување на пазарните законитости влијаат за зголемување на отвореноста на националната економија, за поголема достапност на странските пазари и во крајна линија, за подобрување на конкурентноста на текстилната индустрија.

***Евалуација на трудот под реден број 8:* "SMEs Innovation and Growth in EU"**

Во фокусот на овој труд е анализата на најважните фактори за ефикасноста на МСП, нивниот опстанок и раст во ЕУ. Главната цел е да се разгледа она што го одредува потенцијалот неуспехот на младите компании да иновираат и да растат. Фактори кои ги инхибираат овие мали и млади компании во постигнувањето на своите цели можат да имаат огромно јавно влијание. Резултатите од истражувањето во овој труд покажуваат дека староста на фирмата (која го одразува нејзиниот имиџ) е важна до степенот до кој

компанијата се чувствува финансиски ограничена. Исто така, финансиските бариери може да бидат значајна причина за неуспех на пазарот. Ризикот од информациска асиметричност создава пазар на капитал со бројни несовршености и недостаток на углед. Заклучоците во овој труд откриваат дека способноста на малите и средни компании да растат интензивно зависи од нивниот потенцијал да инвестираат во реструктурирањето, иновациите и квалификацијата на вработените. Овие елементи бараат капитал, односно пристап до финансии. Авторот во трудот заклучува дека последните политички иницијативи во ЕУ се насочени кон подобрување на финансиската средина за европската претприемничка активност и поконкретно за поддршка на новоформираните иновативни компании, со цел да се зголеми нивната глобална конкурентност и да се поттикне иновацијата.

***Евалуација на трудот под реден број 9:*** **„Ланецот на вредности како извор на конкурентска предност на текстилните претпријатија“**

Фокусот на анализа во овој труд се текстилните претпријатија во Р.Македонија кои се многубројни, некои повеќе, а некои помалку успешни. Едно е заедничко за сите, тие ангажираат добар дел од работоспособното население ширум земјава и остваруваат значаен девизен прилив од своите извозни активности. Сепак, постои генерално мислење дека текстилните претпријатија ретко практикуваат стратегиско планирање. Нивното функционирање е во основа реактивно на промените во окружувањето. Учеството на текстилната индустрија во креирањето на вкупната додадена вредност во националната економија е на ниско ниво. Овој труд е посветен на анализа на моменталната конкурентност и нуди начини за создавање на одржлива конкурентска предност на претпријатијата од текстилната индустрија. Конкурентската предност на едно текстилно претпријатие е заеднички именител на сите активности што истото ги обавува. Токму затоа, конкурентската предност извира од сите оние поединечни активности како: дизајнирање, производство, маркетинг, дистрибуција и продажба на производите, односно услугите. Секоја од овие активности има свој придонес кон формирањето на релативната трошочна позиција и основите за диференцирање на производите, истовремено, секоја од овие активности додава вредност на финалниот производ. Авторите во трудот презентираат еден систематски пристап кон испитување на сите активности и нивната меѓусебна интеракција и влијание во креирањето на конкурентската предност на едно претпријатие. Основната алатка за спроведување на оваа анализа е синџирот на вредности. Неговата анализа е предмет на истражување во овој труд. Трудот резултира со сознанија кои овоизможуваат концентрирање на оние активности во претпријатијата кои значајно придонесуваат кон подобрување на трошочната позиција на или зајакнување на конкурентската предност базирана на диференцирање. Независно од алтернативите, резултатот би бил повисока додадена вредност, а последново е основатата за повисока профитабилност.

***Евалуација на трудот под реден број 10:*** **„Финансиските кризи низ историјата споредени со кризата од 2007“**

Истражувањето во овој труд има за цел на направи споредба на историскиот тек на финансиите и нивните нерамнотежи. Целта на трудот оди во насока на споредба на финансиската криза низ историјата, од причина дека минатото треба да послужи како поука за идните активности, а од друга страна во област каде што глобализацијата има примарен ефект, последиците од одредени текови треба да се предвидат и да се реагира навреме според лекциите од порано. Резултатите од истражувањето сугерираат дека историјата се повторува: кризите од минатото се преклопуваат со кризата од 2007 година, во доменот на БДП, нивото на цените, нивото на јавниот долг, невработеноста, цените на недвижностите итн. Авторите во овој труд потенцираат дека во финансискиот сектор е потребна поинтензивна координирана контрола од причина што соодветното предвидување на финансиските текови може да значи спас за целата економија.

***Евалуација на трудот под реден број 11:*** **"Deposit or Investment in Voluntary Pension Fund – Case Study in the Republic of Macedonia"**

Целта на овој труд е споредба на инвестициите. Случаите на малите економии, вклучувајќи ги и земјите во развој го акутуелизира прашањето за ефикасноста на инвестициите. Од трудот се согледува основната намера на авторите да се провери токму таквата ефикасност во земјите со помалку развиен финансиски пазар. Резултатите покажуваат дека банките влегуваат во натпревар за задржување на депозитите од население против привлечните програми за инвестирање на останатите финансиски институции.

***Евалуација на трудот под реден број 12:*** **"Management of Banking Operations to Avoid Crises"**

Целта на анализа во овој труд е управувањето на банкарските активности, со цел да се избегне нерамнотежа. Во трудот се применува метод на работа кој се однесува на земјите со помалку развиен финансиски пазар. Авторите сугерираат дека е потребно разбирање на структурата на управување во банкарските институции, а резултатите покажуваат дека функционирањето на банките мора да биде проследено со доследно следење на прописите и точно координирана и строга контрола. Значењето на овој труд е вредно за земји каде што финансиските пазари се помалку развиени, бидејќи во овие економии интензивно се чувствуваат шоковите од глобалните финансиски пазари, а мали земји имаат мали шанси за да избегнат економска нерамнотежа.

***Евалуација на трудот под реден број 13:*** **"Knowledge management for SMEs in the knowledge based economy"**

Овој труд анализира дека во економијата базирана на знаење компаниите се соочуваат со многу повеќе каприциозни и разновидни потрошувачи од кога било. Овие потрошувачи сè повеќе се заинтересирани за статус, углед, бренд имиња, дизајн, задоволство и пост-продажни услуги. Исто така, животниот век на производи и услуги се скратува. Авторите дискутираат дека, во принцип, напредокот на информатичката технологија и појавата на економијата базирана на знаење го прават деловното опкружување за просечниот претприемач многу посложено. Знаењето може да се користи за да се намали ваквата комплексност. Во трудот јасно се согледува целта: се истакнува дека знаењето е фактор кој им овозможува на претприемачите да се разликуваат од нивните конкуренти. Знаењето е средство за малите и средни претпријатија кое им овозможува да ја надминат лошата бизнис средина и да го променат комплексното опкружување во подобно. Главната цел на истражувањето во трудот е да се формира и претстави модел за управување со знаењето кое ќе им помогне на малите и средните претпријатија да бидат во можност да ја протолкуваат комплексноста во окружувањето и да екстрахираат импликации од неа. Последното е всушност резултатот и заклучокот од овој труд: примената на моделот за управување со знаењето треба да го стимулира создавањето на конкурентска предност и да ја поддржи конкурентската позиција на компанијата.

***Евалуација на трудот под реден број 14:*** **"Innovative methods on managing resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions"**

Во овој труд се дискутира дека тековните акции во економските кругови беа доминантно предизвикани од страна на банките, но и тие самите, исто така, влијаеја значително на работата на банките. Во фокусот на овој труд е перцепција на новитетите кои треба да се применат во пристапот и работата на банките како финансиски институции, со потенцирање на промените во методите на работа и организација. Преку анализата на презенираните хипотези од трудот може да се заклучи дека хартиите од вредност, бранејќи некои позиции кои се сметаат како класика во економијата, никогаш не треба да се третираат со површинска пасивност, оставајќи ги работите да течат по инерција. Авторите потенцираат дека е повторно актуелизирање на основните финансиски инструменти, но иновирање на повеќето класични методи.

***Евалуација на трудот под реден број 15:*** **"SMEs Innovation and Growth in EU"**
Во фокусот на овој труд е анализата на најважните фактори за ефикасноста на МСП, нивниот опстанок и раст во ЕУ. Главната цел е да се разгледа она што го одредува потенцијалот неуспехот на младите компании да иновираат и да растат. Фактори кои ги инхибираат овие мали и млади компании во постигнувањето на своите цели можат да имаат огромно јавно влијание. Резултатите од истражувањето во овој труд покажуваат дека староста на фирмата (која го одразува нејзиниот имиџ) е важна до степенот до кој компанијата се чувствува финансиски ограничена. Исто така, финансиските бариери може да бидат значајна причина за неуспех на пазарот. Ризикот од информациска асиметричност создава пазар на капитал со бројни несовршености и недостаток на углед. Заклучоците во овој труд откриваат дека способноста на малите и средни компании да растат интензивно зависи од нивниот потенцијал да инвестираат во реструктуирањето, иновациите и квалификацијата на вработените. Овие елементи бараат капитал, односно пристап до финансии. Авторот во трудот заклучува дека последните политички иницијативи во ЕУ се насочени кон подобрување на финансиската средина за европската претприемничка активност и поконкретно за поддршка на новоформираните иновативни компании, со цел да се зголеми нивната глобална конкурентност и да се поттикне иновацијата.

***Евалуација на трудот под реден број 16:*** **"Historical financial flows compared with the actual financial crisis"**
Во овој труд се дискутира дека денес во глобалната економија важноста на финансиските системи е повеќе значајна, но и ранлива од било кога. За да се разбере ситуацијата и да се најде решение за тековната нестабилност понекогаш е добро да се погледне назад во историјата, со цел да се препознаат алтернативите за избегнување или спречување на кризата. Во фокусот на овој труд е анализа на финансиските и должничките кризи во малите економии предизвикани од акциите на големите економии низ историјата, како и нивните повторувања во сегашноста. Главната цел на авторите е да се постави модел кој покажува дека економските кругови се распукнуваат. Резултатите од истражувањето во трудот се претставени во доста конзистентна форма. Во заклучокот уште еднаш се нагласува дека историјата може да се повтори и дека сегашната, како и идната финансиска состојба треба да бидат предвидени.

***Евалуација на трудот под реден број 17:*** **"Legal aspects of environment policies in the Republic of Macedonia"**
Трудот го отвора прашањето за тоа колку современите трендови им наложуваат на земјите креирање на политики и нивно преточување во националните законодавства. Заштитата на животната средина, заради својата актуелност, се наметнува како исклучително чувствителна област што се однесува до креирањето на политики за секоја земја. Фокусот на истражување на овој труд е двоен: акцентот е ставен и на третманот на заштитата на животната средина во Уставот на Република Македонија и на еколошките принципи врз кои е изградена легислативата за животна средина во Република Македонија. Во трудот јасно се согледува целта: да се утврди пристапот кој го има Република Македонија при креирањето на политиките во областа на животната средина. Направеното истражување резултира со констатација дека правото на здрава животна средина е едно од основните права на граѓаните на Република Македонија, согласно Уставот. Исто така, резултатите од истражувањето упатуваат и на заклучок дека принципите врз кои се гради еколошката легислатива ги отсликуваат најновите сознанија за заштита и унапредување на животната средина.

***Евалуација на трудот под реден број 18:*** **"Systemic approach to teamwork - a model for team building"**
Овој труд го потенцира значењето на тимската работа во денешната глобална економија. За компаниите што се дел од меѓународниот бизнис, кои денес произведуваат производи на еден континент, а потоа за неколку дена треба да ги транспортираат и да ги достават до клиентите на друг, тимската работа не е само важна, таа е од суштинско

значење. Во фокусот на овој труд е анализата на начинот на градење на успешни тимови, независно од целта или задачата што треба да ја извршат. Основната цел на трудот е да се постави модел за градење на тимови со што е можно повисоко ниво на универзалност во примената. Резултатите од истражувањето, презентирани во една конзистентна форма – модел на градење на тимови го пресретнуваат погоре наведеното барање за широка примена. Авторот заклучува потенцирајќи дека способноста да се работи во тим станува една од суштински потребните вештини на вработените во фирмите, независно од нивната големина. Па затоа, за што подобро да се искористи потенцијалот на поединците, потребно е правилно да се сфати и спроведе процесот на градење и управување со тимската работа.

***Евалуација на трудот под реден број 19:* "Innovative methods on managing resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions"**

Во овој труд се дискутира дека тековните акции во економските кругови беа доминантно предизвикани од страна на банките, но и тие самите, исто така, влијаеја значително на работата на банките. Во фокусот на овој труд е перцепција на новитетите кои треба да се применат во пристапот и работата на банките како финансиски институции, со потенцирање на промените во методите на работа и организација. Преку анализата на презенираните хипотези од трудот може да се заклучи дека хартиите од вредност, бранејќи некои позиции кои се сметаат како класика во економијата, никогаш не треба да се третираат со површинска пасивност, оставајќи ги работите да течат по инерција. Авторите потенцираат дека е повторно актуализирање на основните финансиски инструменти, но иновирање на повеќето класични методи.

***Евалуација на трудот под реден број 20:* "Selecting and assessing a target firm for an international merger or acquisition"**

Предмет на анализа во овој труд се меѓународните спојувања и преземања (M&A) како начини на преструктурирање на компаниите кои претставуваат значаен дел од светот на корпоративните финансии. Секој ден на Wall Street инвестициските банкари организираат M&A трансакции преку кои одделни компании се спојуваат заедно за да формираат поголеми и посилни од нив. Не е изненадувачки што ваквите активности често се појавуваат на вестите. Овие договори достигнуваат вредност од стотици милиони, дури и милијарди долари. Со нив се детерминира иднината на вклучените компании и сите нивни вработени, што е далеку од неважно. Основната идеја која се јавува при оваа елаборација: еден плус еден прави три - е равенка со посебна алхемија за спојувањата или преземањата. Авторот наведува дека клучниот принцип за спојување или купување на компанија е да се создаде вредност повисока од збирот на поединечните вредности на двете компании. Двете компании заедно се повеќе вредни од две одделни компании, во најмала рака, тоа е резонирањето зад M & A. Ова образложение е особено привлечно за компаниите кога времињата се тешки. Силните компании ќе настојуваат да купуваат други фирми да ја зајакнат својата позиција и да бидат поконкурентени. Компаниите имаат заедничка надеж дека ќе добијат поголем удел на пазарот или ќе постигнат поголема ефикасност. Во трудот се заклучува дека поради овие потенцијални придобивки, целните компании честопати се согласуваат да бидат купени, особено кога знаат дека не можат да преживеат сами. Без оглед на нивната категорија или структура, сите спојувања и преземања имаат една заедничка цел: тие се наменети за создавање синергија. Успехот на спојувањата или преземањата зависи од тоа дали оваа синергија се постигнува и која е нејзината цена.

***Евалуација на трудот под реден број 21:* "The influence of the legislation on the FDIs, the case of Republic of Macedonia in the period 2001-2010"**

При анализата на овој труд се согледува дека досегашните светски искуства несомнено го потврдија фактот дека СДИ е една од основните стратегии која го овозможува и го забрзува економскиот развој на националната економија. Како резултат на тоа, секоја национална економија мора да има соодветна легислатива која ќе овозможи непречено и привлекувањето на странски капитал. Од трудот се согледува основната мотивација за

неговото спроведување: анализа на промените во законодавството и нивното влијание врз обемот и структурата на СДИ во Република Македонија во текот на последната деценија. Клучниот цел на таквата намера се остварува преку анализа на промените во законодавството и неговото влијание врз обемот и структурата на СДИ во Република Македонија во текот на последната деценија. Сепак, до одреден степен на институционални механизми кои профилирани рамка за водење бизнис се важни исто така. Подетално внимание е посветено на уставната и законската рамка на Република Македонија во врска со привлекување на СДИ. Од резултатите од истражувањето може да се заклучи дека правната рамка е фактор што ја одредува бизнис клима во земјата, но нејзиното влијание врз интензитетот и структурата на СДИ во Република Македонија не е значително. Од трудот се согледува дека во последната деценија Република Македонија има постигнато значајни резултати во оваа област. Сепак, постои потреба за понатамошно подобрување на релевантното законодавство.

***Евалуација на трудот под реден број 22:*** **„Корпоративно управување: улогата на одборот на директори“**

Во овој труд јасно се презентира корпоративното управување како овластување на одборот на директори од акционерите да ја водат корпорацијата и да управуваат со нивниот капитал. Основна улога на одборот на директори е да обезбеди просперитет - раст и развој за корпорацијата, паралелно водејќи грижа за интересите на акционерите и останатите релевантни стеикхолдери. Авторот потенцира дека одборот на директори мора успешно да се справи со предизвиците на корпоративното управување, општествената одговорност и деловната етика. Во услови на сé поголемо усложнување на меѓународните односи, неизбежно се поставува прашањето за тоа кои се клучните поединци одговорни за успехот/неуспехот на светските корпорации - креатори на најголемиот дел од светското богатство. Сосема разумно е да се тврди дека одговорноста лежи токму во членовите на одборите на директори ширум светот. Во трудот подетално се  анализира што всушност  претставува одборот на директори, која е неговата улога, должност, одговорност, како се организира и на кој начин да се унапреди неговата ефективност.

***Евалуација на рецензирана скрипта*** **„Стратегиски бренд менаџмент“ под реден број 23**

Скриптата „Стратегиски бренд менаџмент“ од д-р Елена Веселинова е систематски и логички подреден на современ начин и во четири глави (тематски целини) се прикажани карактеристиките, значењето и актуелноста на стратегискиот бренд менаџмент како важна научна дисциплина. Материјата е презентирана со јасен, студиозен, стручно методолошки пристап и низ бројни практични примери. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал студентите ќе можат без тешкотија да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни табеларни прегледи како основа на анализите, истражувањата и констатациите по клучните прашања содржани во трудот. Тие, исто, така претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на стратегискиот бренд менаџмент како научна дисциплина.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Овој труд  ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите и од економските и сродни научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност.

***Евалуација на рецензиран практикум*** **„Стратегиски бренд менаџмент“ под реден број 24**

Учебното помагало „Стратегиски бренд менаџмент” - практикум од д-р Елена Веселинова претставува континуирана заложба на авторот да ја оформи потребната литература од областа на стратегискиот менаџмент за студентите кои се соочуваат со анализа на прашања од оваа современа проблематика.

Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на стратегискиот бренд менаџмент. И покрај тоа што во нашата земја постои мал број и опфат на јавно презентирана литература од оваа област, сепак проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обем е неопходна за студентите на Економскиот факултет, за студентите кои ги изучуваат сродните економски проблематики и други дисциплини. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на актуелностите во стратегискиот менаџмент, за студентите, за ентитетите (деловните субјекти) кои тековно или потенцијално се ангажираат во процесот на градење и управување со брендот како едно од највредните средства на бизнисот. Во таа смисла, учебното помагало претставува едукативен пишан стручен труд кој обработува ваква проблематика кај нас, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на економските науки. Затоа сметаме дека овој практикум е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

***Евалуација на рецензиран практикум* „Инвестиции – збирка задачи“ под реден број 25**

Во практикумот се наведени решени примери и задачи за решавање за пресметка на капиталот како еден од основните начини на долгорочно финансирање на инвестициските проекти со помош на ставките од бруто билансот, понатаму се разработува економско-финансиска анализа на инвестициските проекти – проектирањето на компонентите на готовинскиот тек, со цел преку користење на дадените податоци, да се изврши проектирање на готовинскиот тек на инвестициските проекти, вклучувајќи ги следниве компоненти: проекција на големината на потребните инвестиции, проекција на оперативниот тек, проекција на остатокот на вредноста на проектот, проекција на билансот на успех, како и подготовка на дисконтираниот готовински тек (DCF – Discounted Cash Flow).

Во практикумот се презентирани решени примери и задачи за решавање кои се однесуваат на економско-финансиска анализа на инвестициските проекти – финансирање на проектите и трошокот на капиталот. Со елаборацијата на ваквите примери се анализираат начините за утврдување на просечната цена на чинење на капиталот и избор на оптимална структура на финансирање на инвестициските проекти.

Практикумот ги разработува инвестициските критериуми кои не се базираат врз концептот на временска вредност на парите, со фокус на периодот на враќање на инвестициите и стапката на принос. Преку примерите се анализира пресметката на периодот на враќање на инвестициите низ неколку алтернативи: преку нормален годишен нето-принос, со просечен годишен нето-готовински принос и преку кумулативен годишен нето-готовински принос. Анализата во одделните примери ги вклучува и начините за пресметка на стапката на принос на инвестиционен критериум кој не се базира врз концептот на временска вредност на парите, меѓу кои пресметка преку: иницијалните инвестиции, просечната книговодствена вредност на капиталот и просечните инвестиции.

Во практикумот се презентирани решени примери и задачи за решавање за утврдување на инвестициските критериуми кои се базираат врз концептот на временска вредност на парите, во кои спаѓаат: нето сегашната вредност, индексот на профитабилност и интерната стапка на рентабилност. Нето сегашната вредност се разработува ни повеќе примери, преку тестирање на нејзината променливост во зависност од висината на дисконтната стапка. Индексот на профитабилност се презентира во две варијанти: бруто и нето индекс на профитабилноста, додека интерната стапка на рентабилност се разработува преку т.н. техника на обиди и грешки со неколку итерации.

Во практикумот авторите се фокусираат на оценувањето на економско-финансиската ефикасност на инвестициските проекти преку решени примери и задачи за решавање кои опфаќаат формирање на готовинските текови за оценка на рентабилноста на инвестициските проекти и пресметка на инвестициските критериуми: недисконтиран период на враќање, просечна стапка на принос, нето сегашна вредност, бруто и нето индекс на профитабилност, интерна стапка на рентабилност, како и проектирање на готовинскиот тек за оцена на ликвидноста на инвестициските проекти.

Еден дел од практикумот е посветен на ризикот во инвестициската анализа каде преку решени примери и задачи за решавање авторите ја тестираат варијабилноста на очекуваните нето приноси на инвестициските проекти преку пресметка на стандардната девијација и утврдување на нивото на ризичност на истите. Во овој дел, исто така, се обработува и сензитивна и сценарио анализа за движењето на одделни ставки од готовинските текови на инвестициските проекти и се тестира чувствителноста на инвестиционите критериуми на нивните флуктуации.

Од приложената документација на кандидатката д-р Елена Веселинова, може да се увиди дека станува збор за искусен и квалитетен наставно – научен кадар, кој преку долгогодишниот ангажман во наставно – педагошката дејност и активната научноистражувачката работа со бројни публикации од областа, демнострира исклучително знаење и умеење во областа *менаџмент системи*, а воедно и како наставно-научен кадар.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Стручно апликативна дејност на кандидатката д-р Елена Веселинова се:

1. Трудови во стручни (научно-популарни) списанија во земјава и во странство.
2. Сертификат за учество на предавањата на проф. Филип Котлер на тема „Маркетинг предизвиците во 21 век“.
3. Член на организационен одбор на меѓународно списание *Journal of Economics*, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Македонија
4. Член на комисија за спроведување на попис на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Македонија за 2013 и 2014 година
5. Изработка на елаборат за студиските програми *Менаџмент и претприемништво* и *Финансиски менаџмент* на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
6. Учество во научноистражувачки проект „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој, со посебен осврт на општина Штип“.

**Евалуација на проектот:** Целта на проектот е да се покаже како да се обезбедат дополнителни финансиски средства за финансирање на проектите во општина Штип со кои ќе се обезбедат и повеќекратни бенефиции за неколку клучни групи стеикхолдери во ова опкружување.

Придобивките на овој проект ќе овозможат интензивирање на локалниот економски развој, а целокупниот процес на финансирање со вакви инструменти и менаџирање на средствата за поддршка на рентабилни проекти, односно проекти од јавен карактер може да послужат како бенчмарк и за други општини во Р. Македонија и земјите во регионот. На овој начин, ефектите од алтернативното искористување на изворите на финансирање и нивната соодветна примена би се прошириле на ниво на национална, односно регионална економија.

За остварување на целта се користи посебна методологија и истражувачки план со временски определена рамка на одделни активности. При истражувањето во проектот се применуваат повеќе квалитативни и квантитативни методи. Со помош на анализа, синтеза и компарација се врши систематизирање на досегашните објавени податоци од оваа проблематика во земјава и во странство и истите се применуваат и при средување и толкување на сознанијата и резултатите од проектот. Покрај анализата на веќе објавени податоци, со помош на структурирано интервју на таргетирани испитаници, се стекнуваат дополнителни сознанија кои овозможуваат прагматичност на решенијата од проектот.

Целосна елаборација на предметот на истражување се постигнува преку примена на теоретски приод за проучување на проблематиката, а потоа со емпириското истражување за собирање на суштинските податоци.

Истражувачкиот план е поделен во три фази со две временски единици.

Фазите опфаќаат:

- Прва фаза - изработка на проектот преку собирање на податоци од извештаи и емпириски истражувања;
- Втора фаза – организирање консултации и состаноци со претставници на општина Штип и заинтересирани страни за добивање нови сознанија;
- Трета фаза - јавна одбрана на проектот.

Двете временски единици – години опфаќаат реализација на следниве компоненти:

- теоретско-апликативен дел;
- технички дел;
- организациски дел.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на еден наставник во сите звања во наставно - научната област менаџмент системи на Економскиот факултет во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, по разгледувањето на документите едногласно го донесоа следниот заклучок:

По прегледот на доставената документација, Комисијата цени дека кандидатката Елена Веселинова, д-р по економски науки од областа менаџмент, покрај доставената комплетна документација и исполнување на законските услови и критериуми, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип", покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување. Имено, кандидатката д-р Веселинова се истакнал со плодна педагошка активност, прикажувајќи висок корпус на знаење и стручност како помлад асистент, а подоцна и во звањето асистент од областа менаџмент, на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Научноистражувачката работа на кандидатката ја потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област, како и стручноста со која владее во наставно - научната област менаџмент. Ова е потврдено со објавените научни и стручни трудови и учество на меѓународни и домашни конференции и семинари. Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност исто така се дел од биографијата и работното искуство на кандидатката, утврдено преку публикувани трудови во стручни научнопопуларни списанија, учество на стручни конференции и проект.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата заклучи дека има чест да рецензира биографија на еден солиден и квалитетен научен работник и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, **кандидатката д-р Елена Веселинова да ја избере за наставник во наставно - научно звање доцент за наставно - научната област менаџмент системи.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, член, с.р**
**Д-р Ристо Фотов, редовен професор, член, с.р**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| 1 | **Избор во звање помлад асистент** | **10** | |
| 2 | **Избор во звање асистент** | **15** | |
| | **ВКУПНО** | **25** | |
| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени во земјава** | **Поени во странство** |
| 1 | **Монографија или научна книга**<br>Во земјата: р.бр. 3; Во странство: р.бр. 4 | **10** | **15** |
| 2 | **Дел од монографија или научна книга** Во земјата: р.бр. 23,24 и 25 | **18** | |
| 3 | **Прегледен труд** Во странство: р.бр. 8 и 19 | **20** | |
| 5 | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир**<br>Во земјата: р.бр. 22<br>Во странство: р.бр. 9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,20,21 | **1** | **24** |
| 9 | **Учество на научен собир со реферат (постер/усно)**<br>Во земјата: усно – р.бр. 9 и 10<br>Во странство: усно – р.бр. 11; постер – р.бр. 12 | **3** | **3,5** |
| 10 | **Одбранета докторска теза** | **8** | |
| 11 | **Одбранета магистерски труд** | **4** | |
| 19 | **Член на организационен или научен одбор на научен собир**<br>Во земјава: член на организационен одбор на *Меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии* и меѓународно списание *Journal of Economics*, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ | **2** | |
| | **ВКУПНО** | **108,5** | |
| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени во земјава** | **Поени во странство** |
| 5 | **Труд во стручно (научно-популарно) списание**<br>Во странство: р.бр. 5,6 и 7 | | **18** |
| 13 | **Учесник во научен проект**<br>Во земјава: „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој, со посебен осврт на Општина Штип“ | **5** | |
| 15 | **Техничко унапредување**<br>Во земјава: Сертификат за учество на предавањата на проф. Филип Котлер на тема „Маркетинг предизвиците во 21 век“,<br>Сетификат за успешна организација на *Меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии*, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Македонија | **4** | |
| 17 | **Елаборати и експертизи**<br>Во земјава: елаборат за студиските програми *Менаџмент и претприемништво* и *Финансиски менаџмент* на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип | **4** | |
| 28 | **Член на факултетски орган, комисија**<br>(Член на комисија за попис на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип за 2013 и 2014 година) | **4** | |
| | **ВКУПНО** | **35** | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **168,5** | |